**Триглав Осигурување АД, Скопје**
бул. 3-та Македонска Бригада бр. 36
1000 Скопје

triglav

КЛ-дом-дал
26-06-мк

# Клаузула за склучување на осигурување на дом преку интернет

**член 1: воведни одредби**

[1] Со оваа Клаузула се уредуваат условите за склучување на осигурување на дом на далечина, како самостоен продукт - пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом или како дополнителен ризик кој се нуди во рамките на продуктот за осигурување на патници за време на патување и престој во странство.

[2] Осигурувањето на имот како дополнителен ризик во рамките на Полиса за осигурување на патници за време на патување и престој во странство може да се склучи преку интернет, при што се применуваат условите за пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом за дефиницијата на покритие, ризици и исклучоци.

[3] Осигурувањето на дом на далечина се склучува во согласност со Општите услови за пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом на Триглав Осигурување АД, Скопје, како и со Општите услови за осигурување на патници за време на патување и престој во странство, кога осигурувањето на имот се склучува како дополнителен ризик во рамките на продуктот за осигурување на патници за време на патување и престој во странство, Законот за супервизија на осигурување, Законот за облигациони односи, Законот за електронска трговија, Законот за давање на финансиски услуги на далечина и другата применлива регулатива, на начин и под услови утврдени во оваа клаузула.

[4] Доколку одредени одредби од оваа Клаузула се спротивни или противречат на одредбите од Општите услови за пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом или на Општите услови за осигурување на патници за време на патување и престој во странство, ќе се применуваат одредбите од соодветните општи услови, освен во делот кој се однесува на начинот на склучување на осигурувањето преку интернет, кој се утврдува со оваа Клаузула.

**член 2: услови за склучување на осигурувањето**

[1] Осигурувањето на имот на далечина може да се склучи само за станбени објекти кои се наоѓаат на територијата на Република Северна Македонија. Договарачот на осигурување е должен при склучување на договорот да внесе точни и целосни податоци за објектот кој е предмет на осигурување (адреса, површина на објектот, населеност и други релевантни податоци), во согласност со Општите услови за пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом.

[2] Со цел склучување на Договор за пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом на далечина, преку интернет страницата на Триглав Осигурување АД, Скопје, договарачот на осигурување/осигуреникот задолжително треба да има пристап до валидна адреса за електронска пошта и валиден број на мобилен телефон. При склучување на договорот се врши проверка на валидноста на адресата за електронска пошта на договарачот на осигурување/осигуреникот.

[3] Осигурување на дом за време на патување во странство може да се склучи исклучиво со склучување на полиса за индивидуално или семејно здравствено патничко осигурување со фиксен период на времетраење при што осигурителното покритие на домот важи само во временскиот период за време на патувањето во странство, но најмногу до 30 осигурени дена и додека полисата за здравствено патничко осигурување е во важност.

[4] Договорот за осигурување на далечина може да се склучи само за објекти од тврда градба, освен во случаите предвидени со Општите услови за пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом.

[5] Доколку при склучување на договорот се пријави објект од тврда градба, а подоцна се утврди дека објектот е од мешовита или друга градба што не е дозволена согласно оваа клаузула, договорот за осигурување се смета за ништовен и нема да произведува правно дејство.

[6] Договарачот на осигурувањето гарантира дека податоците кои што ги има внесено за имотот, соодветствуваат со податоците кои што се запишани во имотен лист, како и дека станува збор за населен дом.

[7] Во случај договорот за осигурување да е ништовен, а премијата за осигурување е платена, осигурителот е должен, по барање на договарачот на осигурување, да изврши поврат на целокупниот износ на платената премија.

**член 3: начин на склучување на осигурувањето**

[1] Склучување на осигурување на пакетно осигурување за домаќинства - Мој дом на далечина, односно преку интернет, се врши преку интернет страницата на Триглав Осигурување АД, Скопје.

[2] Договорот за осигурување се смета за склучен со самото плаќање на премијата за осигурување.

[3] Триглав Осигурување АД, Скопје за склученото пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом на далечина на договарачот на осигурување/ осигуреникот му доставува потврда на неговата адреса за електронска пошта. Заедно со потврдата, му се доставуваат полисата и општите услови врз основа на кои што е склучена полисата.

[4] Триглав Осигурување АД, Скопје за склученото пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом на далечина на договарачот на осигурување/осигуреникот му доставува смс порака со потврда дека е склучено осигурувањето, бројот на полисата и кратка информација за обврските на договарачот на осигурување/осигуреникот доколку настане осигурен случај.

[5] Договарачот на осигурување/осигуреникот е должен да ја чува доставената Полиса најмалку за времетраење на периодот за осигурување.

[6] Склучувањето на Договор/Полиса за пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом на далечина, односно преку интернет, се изедначува со склучување на Договор/Полиса за пакетно осигурување на домаќинства во хартиена форма, односно Полисата за пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом склучена преку интернет има исто важење и примена како и Полисата издадена во хартиена форма.

[7] Триглав Осигурување АД, Скопје се обврзува да преземе соодветни заштитни мерки во согласност со позитивните законски прописи и најдобрата практика, со цел да обезбеди сигурна и заштитена обработка на податоците и процесот на склучување на пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом на далечина, односно преку интернет.

**член 4: плаќање на премијата**

[1] Плаќањето на премијата за пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом се врши преку интернет сервисот за електронска трговија на Комерцијална банка АД, Скопје и платежниот процесор CASYS, сертифициран за електронска трговија од страна на платежните компании MASTERCARD и VISA.

[2] Предмет на плаќање се сите картички од брендот MasterCard и VISA, издадени од која било банка во светот, како и платежни картички издадени од домашните банки кои во Северна Македонија се користат за електронски плаќања. Плаќањето се врши по електронски пат, во реално време. За сигурноста на реализираните трансакции гарантира банката која ја обезбедува услугата. Преносот на податоците што се потребни за реализација на плаќањето се врши во шифрирана форма со користење на посебен SSL (Secure Socket Layer) протокол. По прифаќањето на условите за осигурување, клиентот се пренасочува на веб страницата на платежниот процесор (процесинг-центарот) CASYS, при што треба да ги внесе следните податоци за да може да се реализира интернет плаќањето:

- Бројот на картичка;
- CVV2/CVC2 кодот за верификација на картичката (последните 3 бројки на задната страна на картичката);
- Датум на истекување на картичката (expiry date).

[3] Пред да се изврши плаќањето на премијата, врз основа на внесените податоци од страна на договарачот на осигурување/ осигуреникот и важечките Тарифи на премии се утврдува износот на премијата. Износот на премијата се прикажува поединечно за избраниот пакет на осигурување. Договарачот на осигурување/осигуреникот може врз основа на утврдените износи за поединечните пакети на осигурување да одлучи со кои ризици ќе го склучи пакетното осигурувањето на домаќинства - Мој дом.

[4] Враќање на платената премија се врши на начин и согласно условите утврдени со оваа Клаузула.

**член 5: обврски на осигуреникот на осигурувањето**

[1] Осигуреникот е должен да пријави кај осигурителот настанување на осигурен случај најдоцна во рок од три дена од денот кога дознал за истиот.

[2] Осигуреникот е должен веднаш да го извести надлежниот орган за внатрешни работи (полиција) за осигурениот случај кој настанал поради пожар, експлозија, провална кражба и разбојништво, односно обид за истите, и да наведе кои предмети биле уништени или оштетени.

[3] Осигуреникот е должен да му ги достави сите податоци на осигурителот и други докази кои се потребни за утврдување на причината, опсегот и висината на штетата.

[4] Доколку осигуреникот не ги исполни своите обврски во договорениот рок, осигурителот може да не го исплати надоместокот од осигурување, ако поради тој пропуст не може да се утврди настанување на осигурениот случај или опсегот на оштетување на осигурените предмети.

[5] Ако осигуреникот не ја исполни својата обврска за спречување на осигурениот случај или обврската за спасување а за тоа нема оправдување, обврската на осигурителот се намалува за онолку за колку настанала поголема штета поради тоа неисполнување.

**член 6: обработка на лични податоци**

[1] Договарачот на осигурувањето - физичко лице, односно осигуреникот е согласен Триглав Осигурување АД, Скопје, согласно прописите што го регулираат осигурувањето, правата на потрошувачите и заштитата на личните податоци, да ги обработува неговите лични податоци со цел склучување на Договор/Полиса за пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом и реализирање на осигурувањето.

[2] Договарачот на осигурување/осигуреникот е согласен Триглав Осигурување АД, Скопје и неговиот договорен обработувач на личните податоци, во согласност со прописите што ја регулираат заштитата на личните податоци, да ги обработува неговите лични податоци само за потребите за спроведување на осигурувањето.

[3] Договарачот на осигурување/осигуреникот може дозволата од претходните ставови на овој член во секој момент бесплатно, трајно или привремено да ја отповика со писмено барање пратено на адреса на Триглав Осигурување АД, Скопје.

[4] Личните податоци на Договарачот на осигурувањето/ осигуреникот Триглав Осигурување АД, Скопје може да ги користи за цели на директен маркетинг само доколку за тоа е добиена изречна согласност од Договарачот на осигурувањето/ осигуреникот.

[5] Договарачот на осигурување со прифаќање на оваа Клаузула ја дава својата согласност за обработка на неговата електронска адреса и бројот на мобилниот телефон заради склучување на Договор/Полиса за пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом на далечина, односно преку интернет.

[6] Триглав Осигурување АД, Скопје, во својство на контролор на збирки на лични податоци, ги презема сите технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци во согласност со законските и подзаконските акти, како и во согласност со интерните акти и процедури.

[7] Податоците поврзани со платежна картичка и со сметката во банка се внесуваат директно на интернет страницата, што ја обезбедува банката за реализација на плаќањата и тие не се достапни, ниту видливи за Триглав Осигурување АД, Скопје. Триглав Осигурување АД, Скопје не ги обработува, ниту има пристап до личните податоци поврзани со платежна картичка, или со банкарска сметка.

**член 7: информации за давателот на услуги - осигурител**

[1] Договарачот на осигурување/осигуреникот го склучува Договорот/Полисата за пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом со Триглав Осигурување АД, Скопје.

[2] Триглав Осигурување АД, Скопје е друштво за осигурување кое е основано согласно позитивните законски прописи на Република Северна Македонија и кое врши услуги за осигурување на територијата на Република Северна Македонија во рамките на дозволата за вршење на работи за осигурување.

[3] Триглав Осигурување АД, Скопје е регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија, а во правниот промет настапува со следните податоци:

Целосен назив: Триглав Осигурување АД, Скопје
Единствен матичен број: 4691130
Единствен даночен број: 4030993129071
Организационен облик: 05.5 - акционерско друштво
Седиште (адреса): бул. „3-та Македонска Бригада“ бр. 36, 1000, Скопје
e-mail:osig@triglav.mk

[4] Тело надлежно за супервизија на осигурителното друштво е Агенцијата за супервизија на осигурување.

**член 8: повлекување од договорот**

[1] Договарачот на осигурување/осигуреникот може во период од 14 календарски дена да се повлече од Договорот/ Полисата за пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом, без казна и без да наведе причина за своето повлекување.

[2] Периодот на повлекување почнува од денот на склучување на Договорот/Полисата за осигурување на патници за време на патување и престој во странство.

[3] Доколку Договарачот на осигурување/осигуреникот се повлече од Договорот за осигурување согласно одредбите на овој член, Триглав Осигурување АД, Скопје е должен да ја врати премијата за осигурување. Триглав Осигурување АД, Скопје има право да задржи сразмерен дел од премијата

за осигурување за периодот на осигурување од денот на склучување на Договорот за осигурување до денот на повлекување од Договорот од страна на договарачот на осигурување/осигуреникот.

[4] Договарачот на осигурување/осигуреникот не може да се повлече од Договорот/Полисата за пакетно осигурување на домаќинства доколку е настанат осигурен случај.

[5] Договарачот на осигурување/осигуреникот во случај на повлекување од Договорот/Полисата за осигурување на патници за време на патување и престој во странство, согласно одредбите на овој член, должен е да достави писмено барање до Триглав Осигурување АД, Скопје.

**член 9: завршни одредби**

[1] Договорот за пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом на далечина, односно преку интернет, се склучува на македонски јазик, со кирилично писмо.

[2] Целокупната комуникација и сите придружни документи кон Договорот за пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом на далечина се на македонски јазик, напишани со кирилично писмо.

[3] Договарачот на осигурувањето/осигуреникот е должен задолжително да ги прочита и да се запознае со одредбите на оваа Клаузула, и да даде своја согласност за нивна примена при склучување на договорот за пакетно осигурување на домаќинства - Мој дом на далечина, односно преку интернет.